**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Руски јазик

## за IX одделение

**Скопје, 2026 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Руски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IX (деветто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • **Слободно време**<br>• **Населени места и транспорт**<br>• **Здравје и здрав живот** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD - плеер, интерактивна табла<br>• Слики, постери, фотографии, предмети, флеш-карти, стикери, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, блокови, дрвени боички, фломастери<br>• Учебник, прирачници, речник, списанија (печатена и/или електронска форма) |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Руски јазик во деветто одделение може да ја изведува лице кое завршило:<br>Завршени студии по руски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени студии по руски јазик и книжевност – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени студии по руски јазик и литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени двопредметни студии по македонски и руски јазик, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- завршени студии по руски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за наставата по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | |
|---|---|
| | - Завршени двопредметни студии по руски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Завршени студии по руски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Завршени студии по руски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-A.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-A.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-A.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали, од видот реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.; |
| II-A.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-A.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-A.18 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интресите и секојдневните активности; |
| II-A.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки коишто произлегуваат од секојдневна потреба. |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не јапопречуваат комуникацијата, |

| | |
|---|---|
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила, |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| III-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| III-Б.2 | познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| III-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури; |
| III-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми кои му/ѝ се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-A.4 | во соработка со други да анализира проблем, развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-A.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење. |
| IV-A.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби. |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

**Личен и социјален развој**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |

| | |
|---|---|
| V-А.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

**Техника, технологија и претприемништво**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VII-А.3 | да објасни како напредните технички и технолошки системи/продукти го подобруваат секојдневниот живот на луѓето. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

**Уметничко изразување и култура**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: **Слободно време**

Вкупно часови: 24 часа

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Разбере глобално и детално краток слушнат текст со опис на своето секојдневие, доживување од своето слободно време;
2. Ги опише усно своите патувања на друго лице од своето блиско окружение;
3. Поставува прашања/одговара на прашања за користењето на модерната технологија;
4. Составува едноставен текст за минати активности;
5. Пишува текст за позитивните и негативните страни на користењето на популарните социјални мрежи.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување: |
|---|---|
| **Јазични функции:**<br>• **Опишување, барање, давање информации за доживувања и ситуации од слободното време (патувања, одмор, екскурзии и сл.) (***- Я отлично провела свои летние каникулы. Я отдыхала на Чёрном море. Каталась в дельфинарии на дельфинах. Забавно и круто.)*<br><br>• **Искажување свои намери, желби, молби, предлози во врска со активности од слободното време** (*На следующей неделе мы поедем на экскурсию по Золотому кольцу. Я очень хочу отправиться в путешествие на корабле по Волге. Не хочешь ли ты составить мне компанию. А не пойти ли нам в кино?*).<br><br>• **Барање, нудење, прифаќање, одбивање помош, услуга, совет (**В*ы не можете помочь мне? - Конечно, помогу. - Я советую вам посмотреть... - Спасибо за совет. - А не пойти ли нам в кино? - Извини, не могу. Я очень занят. - А не пойти ли нам в театр? - С удовольствием.) - Помогите мне, пожалуйста. - Я советую вам посмотреть ... - Спасибо за совет.)*<br><br>• **Барање/ давање информација за користењето на модерната технологија;** | • Разбира слушнат и/или пишан текст со опис на доживувања, ситуации од слободното време ;<br>• Поставува прашања/одговара на прашања поврзани со активностите и доживувањата;<br>• Составува краток текст со опис на доживувања, ситуации од слободното време;<br>• Применува усвоени комуникативни модели за изразување намера, желба, молба или предлог<br>• Помни јазични структури за искажување, нудење и прифаќање помош, услуга и совет;<br>• Учествува во дијалог во кој искажува, нуди и прифаќа помош, услуга и совет;<br>• Пишува краток текст за омилените социјални мрежи;<br>• Разменува информации за користењето модерни технологии во своето слободно време. |

| | |
|---|---|
| *(Какие социальные сети ты используешь? - В Контакте, Телеграм, Инстраграм.)* | |
| • **Лексика која е поврзана со:**<br>- **доживувања и ситуации од слободното време:** патувања, одмор, екскурзии и сл.; викенд, распуст (летен и зимски), планови за патувања (каде, како, со кого, што да се понесе, што да се посети и сл.) *(Путешествие, каникулы (летние и зимние), выходные и праздничные дни, чемодан, паспорт, деньги, билеты, одежда, аптечка, аэропорт, самолёт, пилот, багаж, стюардесса, билет, посадочный талон, справочное бюро, поезд, корабль, гид, достопримечательности и т.д )*<br>- **предмети од модерната технологија** *(мобильный (сотовый) телефон, ноутбук, компьютер, монитор, мышка, клавиатура, интерактивная доска для школьников, умные часы)*<br>- **електронска комуникација и социјални мрежи**: *(электронная почта, чаты, форумы , общение в Интернете, поиск информации, передача информации, приложение, социальные сети (В контакте, Инстраграм, Телеграм, Тик Ток, Фейсбук, Ватс Ап), профиль, поделиться, выложить, заблокировать, отфрендить...)* | • Разбира и набројува поими и изрази што означуваат доживувања и ситуации од слободното време;<br>• Преведува на мајчин или на руски јазик зборови и изрази поврзани со доживувања и ситуации од слободното време;<br>• Употребува поими и изрази поврзани со доживувања и ситуации од слободното време;<br>• Разбира и именува поими поврзани со модерна технологија;<br>• Употребува новонаучена лексика од конкретната тематика во едноставен текст;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази во електронска комуникација. |
| **Граматички содржини:**<br>• **Глаголи. Сегашно, минато и идно време (просто и сложено)**<br>• **Именки. Номинатив (еднина и множина)** (*Экскурсия будет летом. Каникулы начинаются в июне.)* **Генитив за изразување време** (*Каникулы начинаются 10-го июня*). **Датив со предлогот по** *(Мне нравится путешествовать по Золотому кольцу/ по* | • Ги помни правилата за образување на минато, сегашно и идно време кај глаголите;<br>• Употребува правилни форми за сегашно, минато и идно време од глаголите во усна и писмена комуникација;<br>• Ги разликува падежните форми кај именките и придавките;<br>• Употребува правилни падежни форми од именките и придавките;<br>• Креира реченици во кои употребува правилна форма за род и број кај придавките; |

| | |
|---|---|
| *Волге).* **Акузатив во значење на директен предмет** *(Я люблю Охридское озеро).* **Акузатив со глаголи за движење** (Летом я ездила в Москву). **Инструментал со значење на лице со кое се врши дејството** *(Он был на море со старшим братом.)* **Препозитив со значење место** *(Летом я была в Москве).* **Препозитив со значење предмет на разговор** *(Он рассказывает о поездке).*<br>• **Придавки. Согласување по род, број и падеж.** Это хорошая / замечательная / скучная / весёлая) экскурсия.<br>• **Заменки. Промена на заменките по падежи.** (*Я советую тебе поехать на прогулку в Пелистер.)* **Неопределени заменки** (*Посоветуйте какой-нибудь интересный маршрут! )*<br>• **Синтакса. Сложени временски реченици** (*Когда будешь в Битоле, позвони мне.)* **Безлични реченици** (*Мне нравится путешествовать на поезде).* | • Употребува правилни падежни форми од заменките;<br>• Ги препознава и ги употребува неопределените заменки;<br>• Користи сложени временски реченици во дадена ситуација;<br>• Образува правилни безлични реченици. |
| **Содржини за дискусија:**<br>Популарни социјални мрежи во Македонија и во Русија. | • Ги споредува најпопуларните социјални мрежи во Русија и во Македонија;<br>• Прави анализа на негативните страни од користењето на одредени социјални мрежи; |

**Примери за активности:**

- Вообичаени активности за почнување на часот, поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка.
- *Вовед во темата*. Учениците гледаат видео на тема *Одмор*. Потоа одговараат на прашања поставени од наставникот за темата на видеото, за личностите, местата, активностите.
- Учениците слушаат песна. Потоа дискутираат за содржината на песната. Наставникот дели работни листови со текстот на песната со празни места кои учениците треба да го дополнат со соодветната глаголска форма. Повторно се слуша песната со паузи и се прави заедничка проверка на одговорите.
- Учениците добиваат работен лист со прашања и одговори на заокружување, преку кои ќе се потсетат на вокабуларот и ќе го раскажат својот одмор.

- *Вежба со поврзување.* Дадени се две колони. Во првата колона се напишани лицето и основата на глаголот, а во втората колона наставките за потребното глаголско време. Учениците ги поврзуваат елементите од колоните за да добијат правилна глаголска форма.
- *Креирање постер*. Учениците поделени во групи се потсетуваат на изразите за временските услови и кажуваат какво било времето додека биле на екскурзија. Постерите ги презентираат.
- *Впечатоци од одмор, екскурзија, распуст.* Учениците добиваат лист со табела со  две колони во кои се запишани изрази за искажување впечатоци. Во првата колона се запишани на руски јазик, а во втората на мајчин јазик. Учениците во парови, ги поврзуваат изразите од двете колони. Накрај се прави заедничка проверка. Потоа искажуваат впечатоци за својот одмор.
- *Доаѓање до значењето*. Учениците гледаат видео на тема *Модерните технологии во секојдневниот живот на младите. Во* тетратка ги запишуваат зборовите и нивното значење, а потоа ги кажуваат, а наставникот ги запишува на табла.
- Учениците поврзуваат слики со соодветни зборови што означуваат средства и активности поврзани со модерната технологија (може да користат работен лист или интерактивна табла).
- Учениците дискутираат на мајчин/руски јазик дали, за каква цел и колку често користат модерни технологии (апликации,веб страни, игри..)
- Слушање/читање со разбирање преку краток текст и одговарање на прашањата од типот: точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор.
- Вежба во парови. Учениците во парови, усно разменуваат информации за својот одмор. Потоа, неколку парови ученици излегуваат на табла и ја повторуваат активноста.
- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија, осумнасочник, точно/неточно, отворени прашања, квиз....(креирани од наставникот или избрани од понудата на онлајн ресурси).
- Драматизација. Учениците поделени во групи имаат задача да направат драматизација на замислена ситуација за барање/нудење помош, услуга, совет. Драматизациите ги презентираат пред другите ученици. Потоа со гласање учениците ги бираат најдобрите драматизации.
- Подредување реплики во дијалог. Учениците по групи добиваат исечоци со реченици од дијалогот од претходната вежба и ги подредуваат по логичен распоред за да состават дијалог. Еден ученик од секоја група го чита дијалогот на глас. Потоа се натпреваруваат која група најдобро ќе го прочита и ќе го одглуми дијалогот.
- Игра со топче. Еден ученик држи топче во рака и кажува реченица во која е употребен глагол од сегашно време. Го фрла топчето на друг ученик , кој истата реченица ја кажува во идно време, а потоа тој ученик кажува реченица во сегашно време, го фрла топчето на трет ученик, кој на истиот принцип ја продолжува играта.
- Вежба со поврзување. Дадени се две колони. Во првата колона се напишани лицето и основата на глаголот, а во втората колона наставките за потребното глаголско време. Учениците ги поврзуваат елементите од колоните за да добијат глаголска форма.
- Писмено изразување. Ученикот пишува писмо до пријател/-ка од Русија во кое го раскажува својот одмор/екскурзија/патување.
- Писмено изразување. Во краток едноставен текст учениците ги опишуваат своите планови за одмор/викенд/распуст.

| | |
|---|---|
| - *Проектна задача.* Учениците во групи истражуваат за социјалните мрежи во Македонија и во Русија и за предностите и недостатоците на социјалните мрежи. Во Т-табела ги внесуваат предностите во една колона, а недостатоците во друга. Се развива дискусија за тоа кој се предностите и ризиците од социјалните мрежи. | |
| Тема: **Населени места и транспорт**<br><br>Вкупно часови: 24 часа | |
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br><br>1. Разбере глобално и детално слушнат и/или пишан текст со опис на своето опкружување;<br>2. Разбере глобално и детално едноставен слушнат и/или пишан текст за видови на превозни средства и нивно движење;<br>3. Поставува прашање и одговара на прашање за насоките на движење;<br>4. Напише краток текст за професиите поврзани со темата транспорт;<br>5. Ги спореди најчесто користените превозни средства кај младите во Македонија и во Русија. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| • **Јазични функции:**<br>**- Опишување на своето опкружување (населба, улица, град, село)** *(Я живу в маленьком городе на берегу озера. Он живет в шумном центре столицы.*)<br>**- Барање/давање информации за насоки на движење и просторно ориентирање (***Вы не подскажете какие-нибудь интересные места в городе ? - Если Вы хотите посмотреть достопримечательности, то Вам лучше поехать в центр. Подскажите, пожалуйста, как доехать до вокзала? Вам нужен автобус номер 54.)*<br>**- Опишување на превозни средства (***Самолёт – самый безопасный вид транспорта.)*<br>**- Учтиво обраќање во транспорт** (*Садитесь, пожалуйста. - Нет-нет, спасибо, я постою. - Нет, садитесь, прошу Вас. - Спасибо Вам большое. - Не за* | • Помни вообичаени фрази за опишување на своето опкружување;<br>• Пишува едноставни реченици за да го опише своето место на живеење;<br>• Помни јазични модели за барање и давање информација во врска со просторната ориентација;<br>• Учествува во дијалог преку поставување или одговарање на прашања поврзани со просторната ориентација и насоките на движење;<br>• Креира краток текст со опишување на превозни средства;<br>• Применува усвоени комуникативни модели за учтиво обраќање во транспорт |

| | |
|---|---|
| *што. - Извините, Вы не выходите на следующей? - Да, я выхожу. - Спасибо.)* | |
| • **Лексички единици**<br>- **Лексика поврзана со објекти и институции во населено место** (*город, улица, проспект, площадь, район, городской парк, гостиница, кафе, памятник, школа, больница, поликлиика, аптека, банк, почта, торговый центр, магазин, рынок, кинотеатр, театр, музей, стадион, бассейн, зоопарк)*<br>- **Насоки на движење и просторно ориентирање;** (*налево, направо, прямо)*<br>- **Лексика поврзана со места каде што се одвива сообраќај** *(улица, бульвар, проспект, проезд, перекрёсток, дорожный знак, тротуар, дорожка для велосипедов и самокатов)*<br>**- Видови превоз** (*транспорт: наземный , подземный, воздушный* ) и превозни средства (*автобус, троллейбус, трамвай, поезд, машина, автомобиль (легковой, грузовой), маршрутное такси, велосипед, метро, самолёт, вертолёт, самокат)*<br>- **Називи на професии поврзани со темата транспорт** (*водитель, кондуктор, лётчик, стюардесса, механик, машинист)*<br>- **Називи на предмети поврзани со темата транспорт** (*билет, пассажир, остановка, станция, стоянка, вокзал, аэропорт)*<br>- **придавки кои се користат за опис на населено место** (*Я живу в старинном, маленьком городе. - Я живу в красивой, большой деревне. - Какой это город? - Современный, большой.. - Какая это деревня? - Тихая, небольшая, живописная.)* | • Препознава зборови и изрази кои означуваат објекти и институции во населено место;<br>• Учествува во дијалог употребувајќи лексеми кои означуваат објекти и институции во населено место;<br>• Идентификува и употребува зборови и изрази за искажување насока на движење;<br>• Разбира и именува поими поврзани со сообраќајници;<br>• Употребува новонаучена лексика за видови превоз во едноставен текст;<br>• Преведува на мајчин или на руски јазик кратки текстови поврзани со професиите од темата транспорт;<br>• Образува кратки реченици во кои употребува зборови и изрази кои означуваат превозни средства;<br>• Во писмена или усна комуникација користи поими и изрази кои означуваат предмети поврзани со темата транспорт;<br>• Креира едноставен тескт со правилна употреба на придавки за опис на населено место. |

| | |
|---|---|
| **Граматички содржини:**<br>• **Глаголи. Глаголи за движење (движење во една насока**: *идти, ехать, бежать, лететь,* **движење во повеќе насоки:** *ходить, ездить, бегать, летать*). **Глаголи за движење со префиски** *(пришел, заехал, улетел).*<br>• **Падежни конструкции со значење на насочено движење. Генитив  со предлозите из, от, с, мимо** *(со стадиона, из музея, мимо магазина);* **Датив со предлог к** *(к центру)***;** **Акузатив со предлогот в, на, через** *(иду на почту, иду в парк, перейти через улицу);* **Препозитив** *(на самокате, на автобусе, на вокзале)*<br>• **Прилози. Прилози за место + от (до) + Генитив еднина** (*(недалеко) от центра города, парка, вокзала),***Прилози за мера и степен  (много, мало) + Генитив множина (***В городе много театров., а в деревне мало машин),***Прилози за место и насока** *(там, спереди, здесь, тут, справа, сзади, вверху, внизу, туда, вперёд, налево, направо, назад, вверх, вниз).*<br>• **Сложени причински реченици** (*В деревне намного лучше, чем в городе, потому что там чистый воздух, много овощей и фруктов.)* | • Ги препознава глаголите за движење;<br>• Употребува правилни форми од глаголите за движење (со и без префикси) во искази и реченици;<br>• Ги разликува падежните форми кај именките и придавките;<br>• Употребува правилни падежни форми од именките и придавките<br>• Креира реченици во кои ги употребува новонаучените прилози;<br>• Образува сложени причински реченици.<br>• Користи сложени причински реченици во усна или писмена комуникација. |
| **Содржини за дискусија:**<br>Разлики во достапните средства за јавен превоз во Македонија и во Русија.<br>Спецификите на животот во град или село во Русија и во Македонија. | • Ги споредува достапните средства за јавен превоз во Русија и во Македонија;<br>• Прави анализа на предностите и недостатоците на одредени превозни средства;<br>• Прави анализа на животот на село и во град во двете земји. |

**Примери за активности:**

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка.
- *Вовед во темата*. Учениците гледаат видео на тема *Мојот град* . Потоа одговараат на прашања поставени од наставникот за темата на видеото, за местата, опкружувањето ,просторанствени односи, насоки на движење.
- Учениците слушаат песна . Потоа дискутираат за содржината на песната. Наставникот дели работни листови со текстот на песната со празни места, и со глаголи во инфинитив во заграда. Учениците ги пополнуваат празните места со соодветните глаголски форми . Повторно се слуша песната со паузи и се прави заедничка проверка на одговорите.
- Секој ученик добива табела во која се напишани зборови/изрази на темата превоз, превозни средства, професии поврзани со транспорт *и конкретна задача . Учениците се движат слободно во училница. Им поставуваат прашања на соучениците за да го најдат оној кому му одговара соодветниот исказ. Потоа, секој ученик кажува по една реченица за да ја опише активноста* на соученикот/ соучениците до исцрпување на зборовите и изразите од табелата.
- *Доаѓање до правилото*. Учениците читаат текст потоа ги издвојуваат глаголите, ги читаат, а наставникот ги запишува на табла. Потоа учениците даваат претпоставки за начинот на образување на конкретното глаголско време, и со помош на наставникот го откриваат/повторуваат правилото.
- *Умна мапа*. Учениците читаат даден текст на тема *Опкружување* во кој ги подвлекуваат познатите зборови поврзани со темата, а ги заокружуваат новите зборови. Потоа, на табла, заеднички креираат умна мапа за лексиката на темата. Наставникот ја дополнува со други зборови поврзани со темата. Накрај, преку слики, учениците заеднички со наставникот доаѓаат до значењето на зборовите.
- Учениците поврзуваат слики со зборови кои означуваат места и објекти во населено место (на работен лист, на картички или во претходно подготвени вежби на онлајн апликации).
- На постер или на проектор е прикажан план на град. Учениците набројуваат објекти што ги има во градот.
- Учениците се поделени во неколку групи. Секоја група набројува објекти, институции што ги има и што ги нема во нејзиното место на живеење.
- Учениците добиваат работен лист со слики на превозни средства и напишани зборови што ги пронаоѓаат во осумнасочник.
- *Патот до училиште*. Учениците го опишуваат патот по кој се движат за да стигнат од нивниот дом до училиште. Потоа секој ученик презентира.
- Во училницата или во училишниот двор, учениците се делат во две групи. Учениците од едната група им кажуваат како да се движат учениците од другата група.

- Учениците во парови или мали групи пишуваат дијалог, а потоа играат по улоги ситуација во која  прашуваат и објаснуваат каде, тргнувајќи од главниот влез на училиштето, се наоѓаат: училницата по руски јазик или училниците по други предмети, спортската сала, библиотеката, кантината и др.
- *Точна дестинација.*  Учениците добиваат работен лист со план на град. Во парови подготвуваат краток текст во кој објаснуваат како да се стигне од одредена точка до некој објект.  Потоа секој пар го чита текстот, а останатите ученици треба да погодат, ако точно ги следеле насоките, до кој објект стигнале.
- Учениците гледаат видеозапис со знаменитости во Москва и на работен лист ги поврзуваат дадените слики со соодветните зборови кои означуваат знаменитости. Потоа развиваат дискусија за она што им било најинтересно од видеозаписот.
- Драматизација. Учениците импровизираат замислена ситуација за барање и давање информации за насока при посета на Москва или на нивниот град  од страна на туристи.
- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија, осумнасочник, точно/неточно, квиз…
- *Доаѓање до значењето*. Наставникот го запишува зборот *професија* на табла. Учениците кажуваат зборови и изрази што ги поврзуваат со дадениот збор. Наставникот ги запишува на табла. Потоа наставникот покажува слики на кои се претставени професии поврзани со транспорт, а учениците даваат претпоставки за зборовите кои ги означуваат тие професии. Наставникот коригира, дополнува и ги запишува новите зборови на табла.
- Увежбување зборови кои означуваат професии. Наставникот последователно ги покажува сликите од претходната активност, а учениците, еден по друг, ги кажуваат зборовите.
- Писмено изразување: *Учениците го опишуваат своето место на живеење и набројуваат што има во непосредната околината.*
- Проектна задача: учениците истражуваат на интернет поделени во три групи.

 - Едната група бараат фотографии на кварт/населба/предградие типично за Русија. Ги лепат на постер, а под нив ги впишуваат соодветните поими. Другата група ги споредува достапните средства за јавен превоз во Русија и во Македонија и прави анализа на предностите и недостатоците на одредени превозни средства. Потоа прават презентација. Третата група прави анализа за животот на село и во град во двете земји. Потоа прават презентација. Трите групи презентираат едни пред други и **дискутираат** за резултатите до кои дошле од своите истражувања.

Тема: **Здравје и здрав живот**

Вкупно часови: 24 часа

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Побара информација, да ја разбере и одговори на прашања за здравствената состојба;
2. Искажува свое мислење за здравиот начин на исхрана;
3. Опише усно и/или писмено омилена спортска активност;
4. Составува текст во кој искажува став/мислење за здравите навики на живеење;
5. Споредува животни навики за здраво тело кај луѓето во двете земји.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување: |
|---|---|
| **Јазични функции**<br>• **Прашување/одговарање за здравствена состојба** (*Как себя чувствуешь? Уже лучше. На что жалуешься? - Я, наверное, простудился. Вчера вечером у меня заболело горло, а сейчас у меня болит голова, сильный насморк и кашель.)*<br>• **Давање совети за здрав живот и здрава исхрана** (*Чтобы вести здоровый образ жизни, вы должны заниматься спортом каждый день. - Вы должны есть много фруктов и овощей. - Мы также советуем вам спать не менее 7-8 часов в сутки. Не проводите много часов, сидя перед компьютером.)*<br>• **Искажување мислење** (*Я думаю..., Мне кажется, Я уверен/а, Предполагаю...*)<br>• **Искажување ставови за согласување или несогласување.** (*Точно, Вы правы, я согласен, я не согласен/я не согласна - Костя не должен есть столько сладостей! - Я согласен с тобой. Ты прав! Я тоже так думаю. - Я не согласен! Ты не прав.* | • Помни јазични модели за барање и давање информација во врска со здравствената состојба;<br>• Учествува во дијалог преку поставување или одговарање на прашања поврзани со здравствената состојба;<br><br>• Помни вообичаени фрази за давање совети;<br>• Пишува едноставен текст во кој дава совети за здрав живот,<br>• Креира краток текст во кој го искажува своето мислење;<br>• Преведува на мајчин јазик препораки за здрав начин на живот,<br>• Препознава јазични модели за искажување согласување или несогласување,<br>• Пишува реченици во кои искажува ставови за согласување и несогласување. |

| | |
|---|---|
| **Лексички единици**<br>• **Лексика која е поврзана со човечкото тело, органи и фигура** (*голова, глаза, уши, рот, зубы, нос, волосы, шея, горло, плечи, рука, локоть, ладонь, пальцы, тело, позвоночник, грудная клетка, живот, колено, нога, мозг, желудок, лёгкие, печень, почки, сердце, крепкий, худой, толстый, стройный)*<br>• **Здравствена состојба** (*здоровый, больной, проблемы со здоровьем, насморк и кашель, простудиться ... Здоровый человек: стройный, сильный, румяный - Больной человек: сутулый, бледный, толстый ..*)<br>• **симптомы**: *головная боль, красное горло, повышенная температура*<br>• **Здравствени установи, работници и лекови** (*врач, медсестра, больница, поликлиника, лекарство, витамины, укол, БАД-ы)*<br>• **Спортски активности** (*зарядка, гимнастика, бег, физические упражнения*, *бывать на свежем воздухе, закаливание, прогулки*) | • Разбира и именува поими поврзани со делови од човечкото тело;<br>• Употребува новонаучена лексика во дијалог и кратки текстови;<br>• Креира реченици со правилна употреба на лексеми кои означуваат здравствена состојба;<br>• Пишува кратки текстови со совети за здрав начин на живот;<br>• Преведува на мајчин или на руски јазик зборови и изрази кои означуваат здравствени установи и работници;<br>• Учествува во дијалог со примена на лексика што означува спортски активности; |
| **Граматички содржини:**<br>• **Повторување на глаголскиот вид врз примери од оваа тема (***заболевать-заболеть, выздоравливать-выздороветь, простужаться-простудиться, жаловаться-пожаловаться, лечить-вылечить, принимать-принять, чувствовать-почувствовать, заполнять-заполнить, измерять-измерить, вызывать-вызвать, выписывать-выписать, осматривать-осмотреть, встречать-встретить, делать-сделать, брать-взять, сдавать-сдать, назначать-назначить)* | • Разликува галголи од свршен и несвршен вид,<br>• Употребува правилни видски форми во усна и писмена комуникација на зададената тема;<br>• Ги разликува падежните форми кај именките и придавките;<br>• Креира реченици во кои употребува правилни падежни форми од именките и придавките;<br>• Ги препознава и правилно ги употребува прилозите за начин во дадена реченица;<br>• Во текст препознава и издвојува хомоними,<br>• Во соодветен контекст го идентификува соодветното значење на хомонимите,<br>• Правилно преведува на мајчин јазик изрази кои содржат хомоним, |

| | |
|---|---|
| • **Именки во генитив** (*Таблетки от головной боли, гриппа*). **Именки во датив** *(Он пошел к врачу. Сестре плохо).* **Именки во акузатив** *(Принимать- принять что? лекарства, таблетки, душ, кого? больного, пациента жаловаться-пожаловаться (на что?) лечить-вылечить (кого?, что?) принимать-принять (кого?, что?) заполнять-заполнить (медицинскую карту) измерять-измерить (температуру) вызывать-вызвать (врача на дом) выписывать-выписать (рецепт) брать-взять(кровь на анализ) сдавать-сдать (кровь на анализ) назначать-назначить (лечение) осматривать-осмотреть, встречать-встретить делать-сделать.* **Именки во инструментал** *(заболевать-заболеть чем? Гриппом).* **Именки во препозитив** *(Вы знаете, где находится рентгеновский кабинет? - Да, на первом этаже. - Врач говорит о пациенте.)*<br>• **Прилози за начин** (*чувствовать-почувствовать себя хорошо, плохо)*<br>• **Хомоними** (*Болеть - Чем?- гриппом, ангиной Болеть - За кого? - за сборную команду, за Зенит, Спартак, Вардар ... орган (человеческий) и орган (музыкальный инструмент)*<br>• **Условни реченици** *Если будете плохо себя чувствовать, приходите через три дня. А если будет температура и кашель, вызовите врача на дом.* | • Користи сложени условни реченици во дадена ситуација. |
| **Содржини за дискусија:**<br>Грижа за здравјето и здрав начин на живот во Македонија и во Русија. | • Ги издвојува специфичните активности во рамки на здравиот начин на живот во двете земји |

| | |
|---|---|
| | • Прави анализа на предностите и недостатоците на животот во двете земји во поглед на спортските активности. |

**Примери за активности:**

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка.
- На табла е прикажано човечкото тело (постер, цртеж). Покрај приказот се залепени картички со зборови за деловите од човечкото тело. Наставникот кажува реченици со изучени глаголи , преку кои учениците ги препознаваат деловите од телото и ја лепат картичката на соодветното место на постерот. Може да се употреби и *Тркало* со напишани реченици.
- Учениците ги откриваат изразите за делови од телото, преку песна која им ја презентира наставникот. Потоа наставникот прикажува делови од телото (слики, постер) за кои учениците составуваат реченица.
- *Доаѓање до значењето*. Во замислена ситуација во која учениците се на екскурзија во Русија, некој ученик има здравствен проблем. Во дадена табела во работен лист, во левата колона, во парови, учениците запишуваат зборови и изрази, на мајчин јазик, со кои се искажува можна здравствена состојба (болка во стомак/главоболка, настинка…) и што би презеле за надминување на таа состојба (витамини, лек, чај, одмор…). Учениците ги запишуваат предложените зборови и изрази на табла, во лева колона од табелата.
- Во текст на руски јазик на дадената тема, по дадена насока од наставникот, учениците ги подвлекуваат и ги запишуваат во десната колона од табелата изразите со делови од човечкото тело. Потоа секој ученик индивидуално ги поврзува изразите на мајчин јазик со еквивалентот на руски јазик. На крајот се прави проверка на претпоставките за решенијата, а наставникот ги внесува точните одговори на табла.
- Учениците гледаат видео поврзано со давање совет (ситуација кај лекар, во аптека). Наставникот отвора дискусија за темата на видеото. При второто гледање, со паузи, учениците ги издвојуваат изразите за давање совет и ги запишуваат во тетратка.
- *Подредување реплики во дијалог*. Учениците по групи добиваат исечоци со реченици од дијалогот од претходната вежба и ги подредуваат по логичен редослед за да состават дијалог. Еден ученик од секоја група го чита составениот дијалог на глас. Потоа се натпреваруваат која група најдобро ќе го прочита и ќе го одглуми дијалогот.
- Преку набљудување на речениците за барање и давање совет, напишани на табла, учениците со помош на наставникот ги откриваат формите на условен начин (*Если будете плохо себя чувствовать, приходите через три дня)*. Потоа ги препишуваат во тетратка и ги утврдуваат.
- *Умна мапа* . Учениците именуваат поими и изрази поврзани со здравствена состојба според визуелни прикази (картички, слики) и на хамер креираат умна мапа поврзана со темата *Здравје*.

- Игра по улоги. Два ученика, во улога на пациент и доктор, составуваат едноставни дијалози во кои ќе искажат здравствена состојба, односно ќе дадат совет.
- Воведување на темата *Здрав начин на живеење* преку разговор на мајчин јазик.
- Учениците, во даден текст, врз основа на претпоставки, подвлекуваат поими и изрази поврзани со здравиот начин на живеење. Потоа ги кажуваат, а наставникот ги запишува на табла и, по потреба, ја дополнува листата со нови зборови и изрази. Учениците даваат претпоставки за значењето, наставникот коригира и заеднички доаѓаат до значењето. Потоа неколку ученици го читаат текстот на глас.
- На работен лист во две колони , учениците пишуваат поими и изрази поврзани со здравиот начин на живеење. Секој ученик чита по еден исказ , го запишува на табла во соодветната колона и на тој начин се прави заедничка проверка.
- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија, осумнасочник, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или веќе постојни на страниците).
- Писмено изразување. Во краток едноставен текст, учениците ги опишуваат своите навики за здрав начин на живеење.
- *Состави реченица*. Учениците подредуваат зборови според правилен редослед за да добијат реченица во која е употребен условен начин. Активноста се повторува неколкупати со различни зборови/реченици. Групата која најбрзо ќе ги подреди зборовите, ги презентира речениците. Потоа, доколку е потребно, заеднички ги коригираат со наставникот.
- Проектна задача: Учениците по групи изработуваат постер на тема: *Навики за здрав начин на живеење*. Ги презентираат постерите и потоа развиваат дискусија за здравиот начин на живеење во двете земји.
- Проектна задача: Учениците во групи истражуваат за спортот и условите за спортување во Македонија и во Русија.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во деветто одделение по предметот Руски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- вербалното и невербалното реагирање по слушнат исказ;
- читањето и разбирањето на куси слушнати и/или пишани искази и куси дијалози, куси едноставни песни;
- правилното пишување на зборови, реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- правилното пишување на реченици и едноставни текстови на позната тематика;
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации, дневници…);
- домашните задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење и оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2027/2028 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Руски јазик* за IX одделение.** | бр. 12-8476/17<br>26.6.2026 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>____________________________ |